# З А П И С Н И К

## Од конститутивната седница на Советот на општина Василево

Новоизбраниот Совет на општина Василево одржа конститутивна седница на ден 01.11.2017 година (Среда) со почеток во 16,30 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Драги Митев досегашен претседател на Советот на општина Василево.

На седницата присуствуваа сите новоизбрани членови на Советот на општина Василево, Марјан Јанев новоизбран градоначалник на општина Василево, Славе Андонов извршител во одделението за нормативно правни работи и јавни дејности и средствата за јавно информирање.

Драги Митев досегашен претседател на Советот на општина Василево врз основа на член 37 став 1 од Законот за локална самоуправа и член 3 став 1 од Деловникот за работа на Советот на општина Василево ја отвари конститутативната седница на Советот на општина Василево.

За работа на конститутативната седница го предложи следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1. Формирање на верификациона комисија;
2. Верификација на мандатите на члeновите на Советот на општина Василево;
3. Даванње и потпиешување на свечена изјава;
4. Избор на претседател на Советот на општина Василево;
5. Формирање на комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
6. Одлука за овластување на градоначалникот и члeновите на Советот на општина Василево за склучување на бракови.

По отворената расправа по предложениот дневниот ред никој не се јави за збор беше ставен на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема

**1.**

По отворената расправа по точката: Формирање на верификациона комисија за збор се јави Блаже Коцев член на Советот на општина Василево од советничката група на СДСМ и предлага за членови на верификационата комисија да бидат избрани:

1. Костадинка Печеникова - претседател
2. Сандра Илиева - член
3. Сања Стојанова - член

Предлогот на Блаже Коцев за претседател и членови на верификационата комисија бидат избрани:

1. Костадинка Печеникова за претседател од СДСМ
2. Сандра Илиева член од СДСМ
3. Сања Стојанова член од ВМРО - ДПМНЕ

беше ставен на гласење од присутни 15 советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа ,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

**2.**

Верификационната Комисија ги разгледа донесените решенија од страна на Општинската изборна комисија, изврши легитимирање и констатира дека се исполнети сите услови да им се верификуват мандатите на новоизбраните советници.

Драги Митев досегашен преседател на Советот на општина Василево рече дека верификационата Комисија ги потврди мандатите на членовите на Советот и им посака на новоизбраните советници успешна работа и донесувње уште по прдуктивни Одлуки од досегашните.

Точката: Верификација на мандатите на членовите на Советот на општина Василево беше ставена на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15 гласа,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

**3.**

Драги Митев досегашен претседател на Советот на општина Василево ги повика сите новоизбрани советници да ја дадат свечената изјава. Новоизбраните советници пристапија со изјавите дека сите права и должности на член на Советот ќе ги извршуваат совесно и одговорно и дека при нивното извршување ќе ги почитуват Уставот, законот и прописите на Советот, и дека ќе го штитат уставниот поредок на РМ и пристапија кон потпишувањето на свечените изјави.

**4.**

По отворената расправа по точката: Избор на претседател на Советот на општина Василево за збор се јави Наташа Велкова член на Советот на општина Василево од советничката група на СДСМ предлага за претседател на Советот на општина Василево да биде избран Крсте Панев.

Марјан Трајков предлага за претседател на Советот на општина Василево од советничката група на ВМРО - ДПМНЕ да биде избрана Сања Стојанова

Бидејќи немаше друг пријавено за збор предлогот на Наташа Велкова за претседател на Советот на општина Василево да биде избран Крсте Панев беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема,,

Предлогот на Марјан Трајков за претседател на Советот на општина Василево да биде избрана Сања Стојанова беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево гласаше 7 гласа,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема, предлогот не е усвоен

Советот на општина Василево констатира дека Крсте Панев член на Советот од советничката листа на СДСМ од 15 присутни советници со 8 гласа,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема е избран за нов претседател на Советот на општина Василево

Новоизбраниот претседател на Советот на општина Василево Крсте Панев им се заблагодари на советниците за довербата и подршката која му ја дадоа и им го честита мандатот на сите советници. Рече дека во текот на четиригодишниот мандат Советот ќе се залага за заедничко донесуванје на значајни Одлуки предози и идеи на сите граѓани заедно со градоначалникот и сите општински установи ќе бидат сервис на граѓаните заедно да ги решават проблемите и се надева на успешна и плодна соработка каде што Советот на општина Василево ќе работи во интерес на општината и на сите граѓани на општина Василево.

**5**

По отворената расправа по точката: **Формирање на комисија за Мандатни прашања, избори и именувања** согласно Законот за локална самоуправа, согласно пропорционалната застапеност за сите Советнички групи кој што партиципираат во Советот на општина Василево Блаже Коцев за претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања избор и именување ги предложи следните членови:

- Крсте Панев - за претседател
- Блаже Коцев - член
- Наташа Велкова - член
- Сања Стојанова - член
- Сања Христова - член

Немаше друг пријавено за збор предлогот на Блаже Коцев за претседател и членови на Комисијата за мандатни прашања избор и именуванје да бидат избрани:

- Крсте Панев - за претседател
- Блаже Коцев - член
- Наташа Велкова - член
- Сања Стојанова - член
- Сања Христова - член

беше ставен на гласење од 15 присутни советници Советот на општина Василево го усвои со 15 гласа,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

**6.**

По отворената расправа по точката: **Одлука за овластување на градоначалникот и членовите на Советот на општина Василево за склучување на бракови**, никој не се јави за збор претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја стави на гласење, од 15 присутни советници Советот на општина Василево ја усвои со 15 гласа,, за ,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори конститутивната седница на Советот на општина Василево.

Записничар
Зора Коларова

**Конститутативна седница на Совет**
**на општина Василево**
Претседател:
**Крсте Панев**